## ЗА ВАСИЛЕВО

# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, драги сограѓани!

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие, тоа е нашиот живот. Од сите нас зависи каква иднина ќе градиме и во каква општина ќе ги градиме работите што ни се важни. Изборите кои следуваат носат одлука за тоа колку ќе напредуваме, колку ќе одбереме надеж за големи чекори, а нам ни се потребни токму такви големи чекори кои ќе ги решат проблемите од нашето секојдневие. Општина без кал, со нови асфалтирани улици, нови сообраќајни решенија, нови паркови, игралишта, нова перспектива за сите генерации. Да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата! Сите заедно да создаваме услови и за економски развој. Да не се троши времето на политички опции кои заборааат на народот зашто чистиот образ мора да се зачува, исто како и достоинството што лесно се губи, но тешко се заработува. Јас сакам да ме гледате како вашиот човек во системот, кој заедно со вас ќе ги менува работите на подобро. Ветувам работа и беспоштедна битка за повеќе резултати. Заедно сме силата која ќе донесе промени. Заеднички да создаваме промени, да градиме проекти и да носиме победи. Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,

Славе Андонов

# 2. ТОП 10 ПРОЕКТИ

1. **КАНАЛИЗАЦИСКИ МРЕЖИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА:**
   Василево, Радичево, Седларци, Пиперево, Владевци, Нова Маала и Добрашинци;

2. **РЕНОВИРАЊЕ НА ВОДОВОДНА МРЕЖА**
   во Пиперево, изградба на водовод во Дукатино, филтер станица и базен за вода за во Нова Маала, нова линија на водоводот која ќе ги поврзува пумпата и резервоарот во с.Радичево;

3. **АСФАЛТИРАЊЕ И РЕХАБИЛИТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА;**

4. **СУБВЕНЦИИ ЗА ИЗВЕДБА НА ТРЕМО-ФАСАДИ, КЛИМАТИЗЕРИ И ВЕЛОСИПЕДИ;**

5. **ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
   за Василево, Градошорци, Ангелци, Пиперево, Владевци и Сушево;

6. **ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ**
   во Висока Маала, Едрениково, Чанаклија и училишниот двор во Владевци, како и Изградба на скејт-парк за адреналински спортови во Василево;

7. **КАНАЛИЗИРАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА И ЛИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ;**

8. **БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК**
   од I-во до IV-то одделение. Учениците ќе добиваат по еден здрав оброк на ден со специјално мени подготвено од нутриционист;

9. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОМОШ И НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА.**
   Проектот опфаќа помош во вршење на основни активности (лична хигиена, облекување, мобилност, хранење, и сл.) и оперативни активности (чистење, перење, готвење, купување производи, земање медицинска терапија);

10. **ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ВО ДОБРАШИНЦИ.**
    Центарот ќе се користи за забава на младите, за состаноци на месното население и други потреби на граѓаните на Добрашинци.



# 3. ТОП 3 ПРОЕКТИ ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА

1. 1.СУБВЕНЦИИ ЗА ИЗВЕДБА НА ТЕРМО-ФАСАДИ, КЛИМА УРЕДИ И ВЕЛОСИПЕДИ;
2. 2. РЕНОВИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА;
3. 3. ЧИСТЕЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ДИВИ ДЕПОНИИ.

# 4. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој. Нивното работење во насока на реализација на проекти и привлекување на инвестиции во локалната економија, е пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови работни места и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население.

Со процесот на децентрализација, локалната самоуправа доби нов квалитет. Граѓаните остваруваат непосредна комуникација со локалната власт преку која нивните потреби треба да бидат задоволени согласно можностите и приоритетите во општината. Ваквата комуникација е неопходна и претставува гаранција за успешна работа, која се изразува во задоволството на граѓаните од поквалитетните јавни услуги, поефикасната администрација, поголема локална демократија, засилен локален економски развој итн.

Соработката со централната власт и меѓуопштинската соработка се значајни инструменти за поголем развој на општините и надминување на сопствените граници. Токму затоа е значајно

за инвестициите кои ги надминуваат финансиските можности на општината, да постојат добро изработени проекти со кои ќе се аплицира пред централната власт и меѓународните финансиски институции.

Воедно, општините треба да ги препознаат заедничките потреби и интереси и да настапуваат со заеднички идеи, да ги здружат капацитетите и да соработуваат, со цел да ги исполнат очекувањата на граѓаните. Заедничкото настапување пред европските фондови со општини од соседните држави придонесува за подобро запознавање на меѓусебните обичаи, верувања, потреби, традиции, видувања и размислувања. Проектните средства кои ги нудат ЕУ, Светска банка и други меѓународни партнери, се моќна алатка за реализација на значајни проекти. Пример за тоа се средствата од ЕУ и ИПА фондовите, при што општините се клучни субјекти во процесот на користење на овие средства.

На следните страници од мојата програма , почитувани сограѓани можете да ги прочитате предлог-проектите кои ви ги нудам како градоначалник од ВМРО ДПМНЕ, а кои сметам дека вистински ќе придонесат за развојот и просперитетот на општина Василево.



# 5. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој е еден од најважните сегменти за брз развој на општина Василево. Една од основните идеи и цели на децентрализацијата е зголемување на економската моќ на локалните заедници. Движечка сила на локалната економија и главен генератор на нови работни места е приватниот сектор, па затоа ќе го поттикнеме развојот на микро, мали и на средни претпријатија. За да се зајакне конкурентноста, главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде нови работни места и економска благосостојба на долг рок.

Со доаѓањето на власт на ВМРО – ДПМНЕ локалната власт ќе биде фокусирана на локалниот економски развој и градење партнерство со бизнис секторот за остварување на интересите на граѓаните.

Нашите најважни проекти во функција на остварување на спомeнатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ:

Општинската власт предводена од ВМРО – ДПМНЕ ќе работи на директна промоција на Општина Василево, при што дел од општинската администрација директно ќе контактира со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентира предностите кои ги нуди нашата општина;

## ПРОЕКТ „РАЗВОЈ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА“:

Општина Василево во соработка со експерти и заинтересирани инвеститори ќе изработи студија за поставување на ветерници на територијата на Општина Василево.

Исто така ќе им овозможи услови во рамки на своите надлежности на заинтересираните домашни и странски инвеститори за изградба на фотоволтаични електрани на територијата на Општина Василево.



# 6. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Една од основните задачи на локалната самоуправа е грижата за правилен урбан развој, одржување на ред и воспоставување на соодветна структура на населените места. Урбанистичкото планирање е континуиран процес на изработување, донесување и спроведување на просторен план и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и да се заштити и унапреди животната средина и природата.

Изработката на урбанистички планови за селата во Општина Василево е еден од основните приоритети. Наши проекти од областа на ***Урбанизмот*** се следните:

### ПОДГОТОВКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И УП ЗА ИНДУСТРИСКИ КАПАЦИТЕТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО, ОДНОСНО ЗА ОНИЕ ЗА КОИ ДОСЕГА ИСТОТО НЕ Е НАПРАВЕНО:

Ќе бидат изработени урбанистички планови за следните села:

- Василево;
- Градошорци;
- Ангелци;
- Пиперево;
- Владевци;
- Сушево.

Ќе се развиваат и урбанистички планови за индустриски капацитети и урбанистички планови во и надвор од населените места од општината.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија.Токму затоа во мојот мандат општинската администрација ќе биде насочена кон превенција од непрописно постапување со отпадот и шутот, едукацијата на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, по-

дигнувањето на граѓанската свест и етичност, како и остро санкционирање на лицата и субјектите кои ќе извршат загадување на средината во која живееме.

Особно внимание ке се посвети на санирањето на дивите депонии, како предуслов за изградба на мрежа на регионални депонии кои ке работат по стандардите на ЕУ, со воспоставување интегриран систем на управување со отпад, со што отпадот нема веќе да претставува проблем, туку ке претставува економска придобивка

Нашите најважни проекти, во функција на ***заштита на животната средина*** во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## РЕГИСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ:

Добивање на релевантни податоци за загадувачите на територијата на Општина Василево. Прибирање и обработка на податоци, создавање на критериуми за класификација на загадувачи и изготвување на информацијата и презентирање на Советот на Општина Василево и објава на веб страната на општината;

## ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ:

Вршење на континуирано оперативен мониторинг на водите што ги обезбедуваат изворите за водоснабдување на Општина Василево, утврдување на квалитетот и квантитетот на подземните води;

## ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ:

Утврдување на дистрибуција и концентрација на тешки метали во разни делови на растителите форми (овошје, грозје, градинарски култури и житарици) наменети за исхрана и производство на прехранбени продукти во нашиот регион;

## СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ ОСОБЕНО ИНДУСТРИИТЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО ЗАГАДУВАЧИ:

Подобро организирана и редовна соработка помеѓу општината, граѓанскиот сектор и индустриите регистрирани како загадувачи за да се воспостави стратегиска и интерсекторска интервенција за намалување на загадувањето и заштита на животната средина;

## УРЕДУВАЊЕ НА КАНАЛИ

и собирање на растителните остатоци и нивна употреба за горење;

### ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ:

Редовно чистење на дивите депонии во Сушево, Василево, Градошорци, Добрашинци, Владевци и други села и превенција од нивно повторно создавање;

### АКЦИИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО:

Со овој проект предвидени се акции за пошумување на околината на Општина Василево,планирани во соодветна временска рамка. Проектот ќе се реализира соодветно со расположливите ресурси и буџет на општината:

### ЧИСТЕЊЕ НА ПАТИШТАТА ОД ДРВЈА И ВЕГЕТАЦИЈА ВО ЦЕЛА ОПШТИНА;

- Чистење на отворен канал од водоводот до река Струмешница во с.Пиперево;
- Изградба на прочистителна станица во Сушево.



# 7. КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Одржувањето на јавната чистота, обезбедување на комунална инфраструктура, чистење и подобар изглед на општината и благовремено решавање на проблемите на граѓаните преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи создаваат услови за поздрава и почиста животна средина.

## 7.1. ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Ќе направиме максимални напори во 21 век проблемите со водоснабдувањето да бидат секаде надминати и во сите места да се доизградат и модернизираат водоводи и да се обезбеди чиста вода за пиење на локалното население од општина Василево. Наши приоритети се :

- **РЕНОВИРАЊЕ НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО С. ПИПЕРЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ВОДОВОД ВО С.ДУКАТИНО;**
- **ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО СЕЛАТА:**

  Василево, Градошорци, Ангелци, Нова Маала, Добрашинци и Чанаклија;
- **НОВА ФИЛТЕР СТАНИЦА ВО НОВА МААЛА;**
- **НОВ БАЗЕН ЗА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ СО ПОГОЛЕМ КАПАЦИТЕТ ВО НОВА МААЛА;**
- **ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ЛИНИЈА НА ВОДОВОДОТ**

  која ќе ги поврзува пумпата и резервоарот во с.Радичево;
- **МОСТ КАЈ ВОДОВОДОТ ВО С.ПИПЕРЕВО.**

## КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Еден од поголемите проблеми во Општина Василево е управувањето со отпадните води. За таа цел наши приоритети ќе бидат изградба на канализациски мрежи во следните населени места :

- **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ВАСИЛЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ГРАДАШОРЦИ;**
- **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ПИПЕРЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО РАДИЧЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО СЕДЛАРЦИ;**
- **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ВЛАДЕВЦИ;**
- **ДОГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО АНГЕЛЦИ;**
- **ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ГЛАВНАТА УЛИЦА ВО ПИПЕРЕВО;**

Во повеќето населени места не постои канализациска мрежа, така што отпадните води истекуваат слободно по површината на теренот, а дел од отпадните води се прифаќаат во примитивно изградени септички јами без прелив. Таквата состојба претставува потенцијален извор на епидемиолошки заразни заболувања кај населението. Сите отпадни и фекални води ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори и понатаму до пречистителна станица.

Проектите ќе се реализираат етапно, во соработка со централната власт и меѓународните финансиски институции.

## 7.2. УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Заради зголемената фреквенција на сообраќај, ќе се засили активноста околу уредување на тротоарите во населените места. Уредувањето на тротоарите, од безбедносен аспект, е врвен приоритет.

- **УРЕДУВАЊЕТО НА ТРОТОАРИТЕ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА: ВАСИЛЕВО, АНГЕЛЦИ, ГРАДАШОРЦИ И ПИПЕРЕВО;**

- **ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ВО СИТЕ СЕЛА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО:**

  Василево, Ангелци, Градашорци, Пиперево, Владевци, Чанаклија, Седларци, Едерниково, Радичево, Дукатино, Сушево, Добрашинци, Нова Маала, Висока Маала;

- **ИЗГРАДБА НА ЧЕКАЛНА КАЈ ПРВИОТ МОСТ ВО СУШЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА СО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА НОВИОТ ПАТ ВО СУШЕВО;**
- **УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ВО СУШЕВО.**

## 7.3. УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава, на секој град, секоја општина. Преку нивно негување, се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани. Планирано е хортикултурно уредување на парцели и површини покрај пешачки патеки со зимзелени и листопадни дрвја и други цветни растенија.

- **ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ ПАРК И ПАТЕКА ЗА АДРЕНАЛИНСКИ СПОРТОВИ ВО ВАСИЛЕВО:**

  Во Василево ќе изградиме скејт парк и патека за адреналински спортови и фитнес справи. Со тоа ќе извршиме комплетно уредување на просторот наменет за спорт и рекреација:

- **ИЗГРАДБА НА ЗАБАВЕН ПАРК ЗА МЛАДИ ВО С. ПИПЕРЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРК ВО С. ВЛАДЕВЦИ;**
- **ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРК ВО С.ВИСОКА МААЛА;**
- **ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРК ВО С.ВАСИЛЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ПАРК ВО ЧАНАКЛИЈА.**



# 8. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со реконструкција и рехабилитација на локалните патишта ќе се подобри локалната патна мрежа, што ќе придонесе за подобрување на социо-економскиот живот на населението, побезбедно одвивање на сообраќајот скратување на времето на патување и поврзување на населените места. Затоа во Општина Василево неопходна е понатамошна реализација на јавни инвестициски проекти од областа на патната мрежа и транспортот.

- **РЕХАБИЛИТИРАЊЕ И АСФАЛТИРАЊЕ, КАКО И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЛЕДНИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА:**
  Василево, Ангелци, Градашорци, Пиперево, Владевци, Чанаклија, Седларци, Едерниково, Радичево, Дукатино, Сушево, Добрашинци, Нова Маала, Висока Маала;
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ДОБРАШИНЦИ – НОВА МААЛА;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА ДО МИТЕ ПЕТРОВ ВО С.РАДИЧЕВО;**
- **ПРОБИВАЊЕ НА УЛИЦА КАЈ МЕСТОТО КЗЛК ВО С.СУШЕВО;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА ДО ГОЦЕ МАЖИРОВ ВО С.РАДИЧЕВО;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ДО ЦРКВАТА ВО С.РАДИЧЕВО;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА ВО С.АНГЕЛЦИ ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ДО ГРОБИШТАТА ВО С.НОВА МААЛА;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ОД ЦРКВАТА ДО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО С.ПИПЕРЕВО;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА НА ВЛЕЗОТ ОД С.ПИПЕРЕВО;**

- **АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ДО МАНАСТИРОТ СВ.ЃОРГИЈА ВО С.ДУКАТИНО;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА ПОКРАЈ СТАРОТО ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО С.ВАСИЛЕВО;**
- **АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ОД КУЛТУРНИОТ ДОМ ВО ВАСИЛЕВО ДО СТАРИОТ ПАТ ЗА ПИПЕРЕВО.**



# 9. ОБРАЗОВАНИЕ

Вложувањето во образованието претставува капитална инвестиција. ВМРО–ДПМНЕ цврсто верува дека вложувањето во образованието е вложување во најзначајниот ресурс за земјата – човечкиот капитал. Вложувањето во образованието е вложување во иднината на нашите деца и нивно формирање како квалитетни и високообразовани способни академски граѓани, подготвени за современите предизвици.

Нашите најважни проекти, во функција на остварување на споменатите цели во следниот четиригодишен период ќе бидат:

## БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК ОД I-ВО ДО IV-ТО ОДДЕЛЕНИЕ:

Учениците ќе добиваат по еден здрав оброк на ден, со специјално мени подготвено од нутриционист;

## ПРОЕКТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА“:

Заради обезбедување на квалитетни просторни услови за одвивање на наставата, тековно каде има потреба ќе реконструираме дел од училиштната инфраструктура во Општина Василево. Ќе извршиме реконструкција на подрачните училишта при ООУ „Гоце Делчев“ и ООУ „Атанас Нивичански“;

- Реконструкција на подрачното училиште во Владевци;
- Партерно уредување на дворот во подрачното училиште во с. Дукатино.

## ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА И УЧИЛИШНИТЕ КАБИНЕТИ:

Во насока на обезбедување на квалитетна практична настава, ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки ;

- Формирање мали библиотеки со лектири и други корисни книги, речници, енциклопедии и слично во сите подрачни училишта;
- Опремување на кабинет по биологија и хемија во Василево;
- Нови тоалети во централното училиште во Василево и Нова Маала;
- Уредување на училиштните дворови во сите училишта со клупи за одмор;
- Набавка на нови столчиња и масички, компјутер, нагледни средства и сл.





# 10. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Единиците на локалната самоуправа како главни носители на социјалната заштита се одговорни за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми. Започнатите процеси на децентрализација во областа на социјалната заштита отвораат бројни можности за уште поактивна улога на општинските власти да креираат локални стратегии и програми за социјално вклучување на граѓаните на кои сме им најпотребни.

Со добивање на Вашата доверба како нова локална власт во Општина Василево, ќе се залагаме за мобилизирање на сите актери на локално ниво,со цел обезбедување социјална превенција, зголемување на социјалната заштита и социјално вклучување на ранливите категории граѓани.

Главните цели се:

- **СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА НАЈМЛАДИТЕ И НИВНО ЗГРИЖУВАЊЕ ВО ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ НА СТАРИТЕ ЛИЦА, ПРЕКУ РАЗВОЈ НА СЕРВИСНИ СЛУЖБИ ЗА НИВ;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈА ОД МОЖНИ СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ;**

Во Општина Василево ќе ги реализираме следните проекти од областа на социјалната заштита:

- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОМОШ И НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА:**

Проектот опфаќа помош и нега во домот на стари лица. Ќе се обезбеди помош во вршење на основни активности (лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, и сл.) и оперативни активности (чистење, перење, готвење, купување производи, земање медицинска терапија). Проектот ќе го релизира општината во соработка со Министерството за труд и социјална политика

## ИЗГРАДБА НА СТАРСКИ ДОМ ВО ОПШТИНА ВАСИЛЕВО ПРЕКУ ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО:

Општина Василево активно ќе бара инвеститор за изградба на Дом за стари лица во општината и ќе подготви студија за јавно-приватно партнерство,за да се реализира овој проект. Истиот ќе се реализира во зависност од заинтересираноста на потенцијалните инвеститори. Со изградбата на пензионерскиот дом, ќе се овозможи сместување, згрижување и достоинствен живот на старите лица;

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УЧИЛИШТЕН ПРИБОР ЗА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ОД НАЈЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА:

Општината ќе обезбеди училиштен прибор за децата од основно и средно образование на најзагрозените семејства,корисници на социјална помош, на почетокот на секоја учебна година и новогодишни пакетчиња по повод новогодишните празници;

## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВА ПОГОДЕНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ КАТАСТРОФИ:

Ќе обезбедиме еднократна парична помош за семејства од Општина Василево, погодени од елементарни катастрофи. Средствата ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Василево.



# 11. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Земјоделството и аграрната политика се зацртани како еден од главните приоритети на ВМРО ДПМНЕ која како народна партија своите политики ги заснова на традицијата и вредностите на македонскиот човек.Селото отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности.Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем понатамошен развој.

Лоцирана во еден од најплодните земјоделски региони во Македонија, Општина Василево располага со голем потенцијал за развој и унапредување на земјоделството. Со оглед на тоа дека најголем дел од населението во општината се занимава со земјоделска дејност, ќе работиме на тоа Општина Василево да го реализира својот потенцијал. Со тоа земјоделците ќе можат дополнително да инвестираат во земјоделието и да придонесат Општина Василево да биде една од најразвиените земјоделски општини во Македонија.

## СОЗДАВАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ УСЛОВИ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ КАПАЦИТЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРЕРАБОТУВАЧКАТА И ПРЕХРАМБЕНАТА ИНДУСТРИЈА:

Во индустриските зони во Општина Василево ќе создадеме инфраструктурни услови за привлекување инвеститори од областа на прехрамбената и преработувачка индустрија. Исто така ќе создадеме услови за да се изградат откупно дистрибутивни центри за земјоделски производи;

## ПРОЕКТ: „ПОЛСКИ ПАТ“:

Со изградба на повеќе полски патчиња во населените места од Општина Василево, значително ќе се олесни пристапот на земјоделците до обработливите површини.

Општината ќе се залага да се обезбеди проодност до обработливите површини во сите села од Општина Василево;

## ПРОЧИСТУВАЊЕ НА КАНАЛИТЕ И ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА:

Одржување на канализациската мрежа, бетонирање на канали и атмосферска канализација низ населените места во Општина Василево.

- **УРЕДУВАЊЕ НА ПОРОЈОТ ВО С.ЧАНАКЛИЈА;**
- **ИНВЕСТИЦИЈА ВО ЛАДИЛНИК ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА НОВА МААЛА:**

  Проектот ќе се реализира по принципот на јавно-приватно партнерство, при што општината ќе се заложи да најде инвеститор;

- **ПОДДРШКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ:**

  Општината ќе го поддржи формирањето на земјоделските задруги, заради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање;

- **ПРОМОЦИЈА И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО, СОБИРАЊЕТО И ТРЕТМАНОТ НА САМОНИКНАТИТЕ РАСТЕНИЈА.**



# 12. СПОРТ И МЛАДИ

Физичкото образование и спортувањето во развојот на човекот се неопходни за негов нормален психофизички развој и спречување на појава на телесни деформитети. Рекреативниот спорт исто така овозможува развој на индивидуите и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните.

ВМРО-ДПМНЕ ќе работи на унапредување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во Општина Василево, затоа што младите се столб врз кој се гради нашата сегашност и иднина. Приоритетни цели кои сакаме да ги исполниме, се: влијание врз едукацијата на младите на локално ниво, активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на локално ниво, како и вклучување на младите во европските процеси.

Во следните четири години ќе ги реализираме следните проекти:

- **ПОКРИВАЊЕ НА ТРИБИНАТА НА СТАДИОНОТ НА ФК ВАСИЛЕВО;**
- **ОГРАДУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СУШЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ВИСОКА МААЛА;**
- **ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ЕДЕРНИКОВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ЧАНАКЛИЈА;**
- **ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО УЧИЛИШТНИОТ ДВОР ВО С.ВЛАДЕВЦИ;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКОТО ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ВЛАДЕВЦИ;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ„ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ВАСИЛЕВО И ПОСТАВУВАЊЕ НА ТРИБИНИ;**
- **ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИТЕ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ КАКО И ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА;**

- ПОТТИК И СУБВЕНЦИИ ЗА ИНДИВИДУАЛНИ И ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ;
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ КАДЕ ШТО ИМА ФУДБАЛСКИ КЛУБОВИ, ОДНОСНО ОГРАДУВАЊЕ НА ТЕРЕНИТЕ КОИШТО ГИ КОРИСТАТ ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ ОД ОПШТИНА ВАСИЛЕВО;
- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НОРМАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ ВО ОПШТИНАТА;
- РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ЗА ГОЛЕМ ФУДБАЛ ВО ПИПЕРЕВО И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СОБЛЕКУВАЛНАТА;
- ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ТУРНИРИ ВО МАЛ ФУДБАЛ;
- ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ СОЈУЗИ;
- ЌЕ ГО ВОЗОБНОВИМЕ ВЕЛИГДЕНСКИОТ ТУРНИР ВО ВАСИЛЕВО;
- ТУРНИРОТ ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО ДОБРАШИНЦИ ЌЕ ДОБИЕ ПОДРШКА ОД ОПШТИНАТА;
- ТУРНИРОТ ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО СЕДЛАРЦИ ЌЕ ДОБИЕ ПОДРШКА ОД ОПШТИНАТА;
- STREET BASKET – ВЛАДЕВЦИ ЌЕ ДОБИЕ ПОДРШКА ОД ОПШТИНАТА;
- ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРКОВИ СО ЗАБАВНИ РЕКВИЗИТИ ВО СЕЛАТА: ВАСИЛЕВО, ВЛАДЕВЦИ, ВИСОКА МААЛА.



# 13. ТУРИЗАМ

Нашата основна цел ќе биде привлекување на што повеќе домашни и странски туристи, за што ќе бидат преземени одделни активности и проекти. Во таа насока ќе пристапиме кон преземање на активности за промоција и поддршка на развојот на селскиот туризам.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ, ПАТОКАЗИ, ОБЛЕЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПАТЕКИ:

Ќе продолжиме со поставувањето на табли и патокази за да се одбележат сите позначајни природни реткости и убавини: водопади, реки, кањони и друго, како и сите историски знаменитости во општината. Паралелно ќе продолжиме со означување и мапирање на нови туристички патеки, со цел нивна полесна достапност за посетителите;

## ТУРИСТИЧКИ ИНФО ЦЕНТАР ВО СКЛОП НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО:

Ќе се издвојат средства за основање на туристички инфо центар, во кој обучен општински туристички водич ќе ги запознава туристите со знаменитостите на општината, нејзините економски капацитети, како и со останатите информации кои го обликуваат карактерот на Општина Василево. На тој начин, ќе се овозможи активно промовирање на нашата општина како привлечна и интересна дестинација за туристички престој, навремено и квалитетно информирање на гостите-туристи во општината за понудата на локална и традиционална храна, сместувачките капацитети и туристичките локации;

## РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ:

Ќе го развиваме руралниот туризам преку користење на отворените линии од европските фондови, програмата ИПАРД за поттикнување и развој на овој вид туризам,ИПА за прекугранична соработка, Македонија- Бугарија, со што ќе помогнеме да се развие инфраструктурата и да се задржи уникатноста на нашите рурални средини.



# 14. КУЛТУРА

Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура.

Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО – ДПМНЕ ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство, а во тој контекст нашата Општина Василево се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Ние ќе настојуваме нашата општина да биде широко препознатлива како дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување преку:

- **ДОСТОЈНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ**

  од нашето културно – историско минато, вклучувајќи спомен-обележја;

- **АФИРМАЦИЈА И СТИМУЛАЦИЈА НА ЛИТЕРАТУРНОТО ТВОРЕШТВО**

  преку литературни конкурси – тематски одредени и насочени со дефинирани содржини;

- **КУЛТУРНО ЛЕТО ВАСИЛЕВО:**

  Ќе ја финансираме и афирмираме манифестација Културно лето Василево;

- **ПОДДРШКА ЗА САНАЦИЈА И ДОГРАДБА НА ЦРКВИ:**

  Во рамките на своите законски надлежности општината ќе ја помага санацијата и доградбата на црквите во сите села од општината каде има цркви и манастири;

- **РЕДОВНО ПОМАГАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ И КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИТЕ ДРУШТВА;**

- **ПОДДРШКА НА СИТЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО КОИ ИМААТ АФИНИТЕТИ КОН УБАВИОТ ПИШАН ЗБОР ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КНИГИ;**

## ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР ВО ДОБРАШИНЦИ.

Центарот ќе се користи за забава на младите, за состаноци на месното население и други потреби на граѓаните на Добрашинци.



# 15. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Еден од приоритетите на ВМРО-ДПМНЕ за локалната власт ќе биде унапредување, интензивирање и продлабочување на веќе воспоставената соработка со општините од другите држави и воспоставување на меѓународна соработка со други нови општини и градови. Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- **ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ СО ЗБОГАТУВАЊЕ И ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО НАШИТЕ ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ;**
- **ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ РАБОТИМЕ НА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ КОНТАКТИ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВЕЌЕ ВОСПОСТАВЕНИТЕ СО ЦЕЛ ЗБРАТИМУВАЊЕ СО НОВИ ОПШТИНИ.**
- **ОПШТИНА ВАСИЛЕВО И ВО СЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ АКТИВНО ЌЕ УЧЕСТВУВА СО АПЛИКАЦИИ ВО ПРОЕКТИ ОД ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МАКЕДОНИЈА- БУГАРИЈА;**
- **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО ДИЈАСПОРАТА.**

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk